# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

## НА ОПШТИНА ИЛИНДЕН

Број 1 ЈАНУАРИ 2011 година

# ОПШТИНА ИЛИНДЕН

Илинден, 31 Јануари 2011 година

Согласно член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на Р.М. бр.5/2002) и член 37 од Статутот на Општина Илинден (Сл.гласник бр.15/2010), Градоначалникот на Општина Илинден, донесе :

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Илинден за IV (четврт) квартал од 2010 година**

Се објавува Одлуката за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Илинден за IV (четврт) квартал од 2010 година, бр.07-97/4 од 28.01.2011 година што Советот на Општина Илинден ја усвои на 30-та (триесетата) седница одржана на ден 28.01.2011 година.

Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавено во Службен гласник на Општина Илинден.

**Арх.бр. 08-185/1**
**Од 31.01.2011 год.**

**ОПШТИНА ИЛИНДЕН**
**Градоначалник**
**Жика Стојановски с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа (Сл. весник на Р.М бр.05/02), Советот на Општина Илинден на седницата одржана на ден 28.01.2011 година, донесе:

# О Д Л У К А
**за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Илинден за IV (четврт) квартал од 2010 година**

**Член 1**

Се усвојува Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Илинден за IV (четврт) квартал од 2010 година.

**Член 2**

Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Илинден за IV (четврт) квартал од 2010 година е составен дел на оваа Одлука.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзино објавување во Службениот гласник на општина Илинден.

**Архивски број: 07-97/4**
**Датум на донесување: 28.01.2011 година**

**Совет на Општина Илинден**
**Претседател**
**Марјан Милошевски с.р**

Согласно член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на Р.М. бр.5/2002) и член 37 од Статутот на Општина Илинден (Сл.гласник бр.15/2010), Градоначалникот на Општина Илинден, донесе :

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за одобрување долгорочно задолжување на Општина Илинден**

Се објавува Одлуката за одобрување долгорочно задолжување на Општина Илинден, бр.07-97/5 од 28.01.2011 година што Советот на Општина Илинден ја усвои на 30-та (триесетата) седница одржана на ден 28.01.2011 година.

Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавено во Службен гласник на Општина Илинден.

**Арх.бр. 08-185/2**
**Од 31.01.2011 год.**

**ОПШТИНА ИЛИНДЕН**
**Градоначалник**
**Жика Стојановски с.р**

Врз основа на член 11 став 5 и член 36 од Законот за локалната самоуправа (Сл. весник на Р.М бр.5/02) и член 20 став 2 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (Сл. весник на Р.М бр.61/04, бр.96/04, бр.67/07 и бр.156/2009) и член 4 од Законот за јавен долг (Сл. весник на Р.М бр.62/05 и бр.88/08), Советот на Општина Илинден на седницата одржана на ден 28.01.2011 година, донесе:

# О Д Л У К А
## за одобрување долгорочно задолжување на Општина Илинден

**Член 1**

Се одобрува долгорочното задолжување на Општина Илинден за реализација на проектот - “Изградба на модуларно училиште во Општина Илинден.

**Член 2**

Долгорочното задолжување на општината е од општ јавен интерес и има економско финансиска оправданост.

Максималниот износ на долгорочното задолжување изнесува 61.026.000,00 денари со максимална каматна стапка до 8%.

**Член 3**

Рокот на отплата на задолжувањето е 5 (пет) години.

Годишното отплаќање на долгот за долгорочно задолжување не може да надмине 30 % од вкупните приходи на тековнооперативниот буџет на општината од претходната фискална година во годината на задолжувањето.

**Член 4**

Постапката за задолжување ќе отпочне по претходна согласност на Владата на Р.Македонија, утврдена врз основа на мислење на Министерството за финансии.

Општината е должна да потпише Договор за заем и истиот заедно со амортизационен план да го достави во рок од 10 (десет) работни дена од денот на неговото потпишување до Министерството за финансии.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзино објавување во Службениот гласник на општина Илинден.

**Архивски број: 07-97/5**
**Датум на донесување: 28.01.2011 година**

**Совет на Општина Илинден**
**Претседател**
**Марјан Милошевски с.р**

Врз основа на член 23 став 3 од Законот за јавните претпријатија (Сл. весник на Р.М бр. 39/96, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09), Градоначалникот на општина Илинден, донесе:

# РЕШЕНИЕ
## за разрешување на вршител на должност Директор на Јавно претпријатие за стопанисување со спортски објекти "Илинден 2010", н.Илинден

**Член 1**

Лицето Ивица Трипуновски со ЕМБГ 0403985450002 се разрешува од должноста Директор на Јавното претпријатие за стопанисување со спортски објекти "Илинден 2010", н.Илинден.

**Член 2**

Ова Решение влегува во сила со денот на негово донесување а ќе се објави во Службениот гласник на општина Илинден.

Доставено до:
- Архива
- Разрешеното лице
- Централен регистар на Р.Македонија

**Бр. 08-94/1**
**Од 20.01.2011г.**

**ОПШТИНА ИЛИНДЕН**
**Градоначалник**
**Жика Стојановски с.р**

Врз основа на член 19а став 5 од Законот за јавните претпријатија (Сл. весник на Р.М бр. 39/96, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09), Градоначалникот на општина Илинден, донесе:

# РЕШЕНИЕ

## за именување на вршител на должност Директор на Јавно претпријатие за стопанисување со спортски објекти “Илинден 2010“, н.Илинден

### Член 1

Лицето Борче Мицановски со ЕМБГ 2907982450082 се именува за вршител на должност Директор на Јавното претпријатие за стопанисување со спортски објекти “Илинден 2010“, н.Илинден

### Член 2

Именуваниот должноста Директор на Јавното претпријатие за стопанисување со спортски објекти “Илинден 2010“, н.Илинден ќе ја врши за период од 6 (шест) месеци сметајќи од денот на влегување во сила на ова Решение и пријавувањето на лицето во Агенцијата за вработување на Р.Македонија.

### Член 3

Ова Решение влегува во сила со денот на негово донесување а ќе се објави во Службениот гласник на општина Илинден.

Доставено до:
- Архива
- Именуваното лице
- Централен регистар на Р.Македонија
- Агенција за вработување на Р.Македонија
- ЈПССО “Илинден 2010“, н.Илинден

**Бр. 08-94/2**
**Од 20.01.2011г.**

**ОПШТИНА ИЛИНДЕН**
**Градоначалник**
**Жика Стојановски с.р**

# СОДРЖИНА

1. Решение за објавување на Одлуката за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Илинден за IV (четврт) квартал од 2010 година, бр.07-97/4 од 28.01.2011 година ..................................................... стр.2
2. Одлука за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Илинден за IV (четврт) квартал од 2010 година, бр.07-97/4 од 28.01.2011 година.......................................................................................... стр.3
3. Решение за објавување Одлуката за одобрување долгорочно задолжување на Општина Илинден, бр.07-97/5 од 28.01.2011 година................................. .. стр. 4
4. Одлука за одобрување долгорочно задолжување на Општина Илинден, бр.07-97/5 од 28.01.2011 година..................................................................... стр. 5
5. Решение за разрешување на вршител на должност Директор на Јавно претпријатие за стопанисување со спортски објекти "Илинден 2010", н.Илинден бр. 08-94/1 од 20.01.2011 година....................................................................стр.6
6. Решение за именување на вршител на должност Директор на Јавно претпријатие за стопанисување со спортски објекти "Илинден 2010", н.Илинден бр. 08-94/2 од 20.01.2011 година ................................................................... стр.7